Ред. број: 33

Прилог бр. 3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Вилично-лицева реконструктивна протетика			
2.	Код	СЗТЗЗВЛ3			
3.	Студиска програма	Стручни забни техничари			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра по стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	5
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Сашо Јовановски и наставници и соработници од Катедрата за стоматолошка протетика			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови	Освоени кредити од Технологија на фиксни (коронки и мостови),			

	за слушање и полагање на предметот	Технологија на мобилни протези (тотална протезиа), и потпис Пародонтологија и орална медицина од Технологија на мобилни протези (парцијална протеза)
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање со причините и видовите на оштетувања на лицево виличната регија и со основите на лицево виличната реконструктивна протетика како и тераписки процедури
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Поглавје – Вовед во вилично-лицева протетика и анатомските карактеристики на лицето Општи поими за вилично лицева протетика ..... 2 часа Анатомија на лицево виличната регија …..... 2 часа Етиологија на дефектите во оваа регија: повреди во горна и долна вилица и протетски третман на фрактури и дефекти како и надокнада на ткива при различни видови на повреди .....…..... 4 часа Воспаленија во горна и долна вилица ..... 2 часа Тумори и вродени аномалии и нивна класификација и протетски третман ..... 4 часа *Резултати од првото поглавје: Студентот ќе се запознае со анатомските карактеристики на лицево виличната регија и ќе стекне познавања за примена на лицево виличната протетика и влијанието на протетичките реставрации при надоместување на коскените дефекти, мускулите и темпоромандибуларниот зглоб.* 2. Поглавје – протетички надоместоци на изгубени ткива во орофацијалната регија: Замена на изгубените ткива во лицевиот скелет и видови ретенциони елементи како и нивно планирање ..... 2 часа Видови импланти и нивно планирање, механички и магнетни ретенциони системи ..... 2 часа Замена на ткива со протетски надоместоци во горна вилица, видови направи, изработка и функционални и естетски корекции ..... 4 часа Замена на ткива со протетски надоместоци во долна вилица ..... 4 часа Интраорална замена на ткива со протетички помагала и примена на тн. обтуратор протези ..... 2 часа *Резултати од второто поглавје: Студентот ќе се запознае со процесот на изработка и интраорална примена на реставрациите во лицево виличната регија и ќе стекне познавања за различната интраорална примена на лицево виличната протетика во зависност од индикацијата и нивното влијание на функцијата и естетиката при надоместување на интраоралните дефекти.* 3. Поглавје – Екстраорална замена на ткива во лицев скелет со различни видови епитези Екстраорална замена на ткива со епитези за горен лицев масив, комплексни реконструктивни направи, епитези за нос и уво, епитеза за око и орбита ..... 2 часа *Резултати од третото поглавје: Студентот ќе се запознае со процесот на изработка и екстраоаорална примена на епитезите како екстраорални реставрации во лицево виличната регија и ќе стекне познавања за различната екстраорална примена на лицево виличната протетика во зависност од индикацијата и нивното влијание на функцијата и естетиката при надоместување на екстраоралните дефекти.*

		Вкупно ..... 30 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Технологија на мобилни протези (парцијална протезиа), Технологија на мобилни протези (тотална протеза), Анатомија и физиологија на џвакален систем		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Теоретска настава, интерактивна настава, семинарски работи и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	10
		17.3.	Домашно учење - задачи	50
18	Услови за потпис	Редовна посета на предавања (минимум 60%) и реализирани со програмата предвидените активности		

19	Начин на оценување		
	19.1.	Тестови: бодови	30
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20
	19.3.	Завршен испит: бодови	50

20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна на студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Јовановски С.	Сепарати од предавања		2024
		2.	В.Рангарацан Т.Падаманабан	Учебник за протетика	Арс Ламина ДОО	2013
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	А. Демиен Валмсли и сор.	Реставративна стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011

		2.	Џои Д. Да Силва, Давид А. Мичел, Лора Мичел, Пол Брантон	Американски прирачник за реставративна стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011
		3.	Џејмс Р. Хул Едвард Елис III Мирон Р Такр	Современа орална и максилофацијална хирургија	Арбериа дизајн	2017